# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 19 Октомври 2016 година Скопје Бр.11/1 Год. XI |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Правилник за измена и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на спортски објекти.........стр.2
2. Одлука за отстранување и изградба на нов објект за УЗ Дексион на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.........стр.4
3. Одлука за давање на трајно користење на проширениот објект „Детелинка“ - ЈОУДГ „Росица“.........стр.6
4. Одлука за вршење на проширена дејност во проширениот објект „Детелинка“ во населба Ѓорче Петров, кој ќе функционира во состав на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „РОСИЦА“, општина Ѓорче Петров, Скопје.........стр.8
5. Одлука за донесување Стратегија за основното образование на Општина Ѓорче Петров.стр.11
6. Стратегија за основното образование на Општина Ѓорче Петров.........стр.12


Октомври 2016 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на спортски објекти**

Се објавува за измена и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на спортски објекти, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Педесет и петтата седница, одржана на ден 19.10.2016 година.

**Број 09-3138/1**
**Од 19.10.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 67 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" бр. 05/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14),Советот на општина на 55-тата на седницата одржана на ден 19.10.2016 година ја донесе следната:

**ПРАВИЛНИК**
**за измена и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на спортски објекти**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на спортски објекти, бр. 07-3991/5 од 18.12.2013 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.19/2013) и тоа:

Во член 16 став 3 се менува и гласи „ Комисијата се формира за период од четири години и е составена од претседател и двајца членови и нивни заменици, од редот на општинската администрација во Општина Ѓорче Петров“.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-3085/3**
**Од 19.10.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за отстранување – рушење на стар објект и изградба на нов објект за УЗ Дексион на подрачјето на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за отстранување – рушење на стар објект и изградба на нов објект за УЗ Дексион на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница, одржана на ден 19.10.2016 година.

**Број 09-3138/2**
**Од 19.10.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 став 2 од Законот за користење и раполагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ„ број 78/15, 106/15 и 153/15) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓоче Петров на 55-тата седница, одржана на ден 19.10.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отстранување – рушење на стар објект и изградба на нов објект за УЗ Дексион на подрачјето на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со одлуката се утврдува потреба за отстранување - рушење на постоечкиот објект на урбаната заедница Дексион општина Ѓорче Петров, која се наоѓа на ул.Смилевска 66 КП број 4225 КО Ѓорче Петров 3-Дексион, согласно Имотниот лист број 95182, со запишано право на сопственост на Општина Ѓорче Петров, со вкупна површина од 386 м2.

**Член 2**

Се утврдува потреба за изградба на нов објект на урбаната заедница Дексион на истата катастарска и градежна парцела.

**Член 3**

Новиот објект на урбаната заедница Дексион да се изведе согласно Основен проект за реконструкција на урбаната заедница Дексион општина Ѓорче петров Скопје, со тех.број 43-2009 од 11.08.2016 година, изработен од Друштво ЛОУ ТЕК ДООЕЛ Скопје, со кој се предвидува простор од 195 м2 вкупна внатрешна површина на објектот со намена за урбаната заедница, а останатиот простор од 120 м2 е предвиден за детско игралиште.

**Член 4**

Се задолжува градоначалникот на општина Ѓорче Петров да ја спроведе одлуката.

**Член 5**

Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3085/4**
**Од 19.10.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање на трајно користење на доградениот дел на објект „Детелинка" на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „РОСИЦА"- Општина Ѓорче Петров, Скопје**

Се објавува Одлуката за давање на трајно користење на доградениот дел на објект „Детелинка" на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „РОСИЦА" – Општина Ѓорче Петров, Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница, одржана на ден 19.10.2016 година.

**Број 09-3138/3**
**Од 19.10.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 21 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр.78/2015, 106/2015 и 153/2015), а во врска со член 64 став 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), и член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општината “Ѓорче Петров” - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Статутарната одлука за измена и дополнување на статututот на Општина Ѓорче Петров „Службен Весник” бр 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 55-тата седница, одржана на ден 19.10.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање на трајно користење на доградениот дел на објект „Детелинка” на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „РОСИЦА”**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Ѓорче Петров ја дава доградениот дел на објектот „Детелинка” на трајно користење без надоместок на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „РОСИЦА”, објектот е со имотен лист бр. 11802 КО Ѓорче Петров 2 – Мирче Ацев на ул.„Мечкин Камен” бр.45а, зграда Б1 со вкупна површина од 92.06 $м^2$, на парцела со имотен лист бр.9210 КО Ѓорче Петров 2 – Мирче Ацев, сопственост на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Во објектот ќе се спроведува програма за рано учење и развој, односно згрижување и воспитување на деца.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во “Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 08-3085/5**
**Од 19.10.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за вршење на проширена дејност во доградениот дел на објект „Детелинка“ во населба Ѓорче Петров, кој ќе функционира во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“, Општина Ѓорче Петров, Скопје**

Се објавува Одлуката за вршење на проширена дејност во доградениот дел на објект „Детелинка“ во населба Ѓорче Петров, кој ќе функционира во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“, Општина Ѓорче Петров, Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница, одржана на ден 19.10.2016 година.

**Број 09-3138/4**
**Од 19.10.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 8 а во врска со член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ бр.05/02“), член 102-а став 3 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14),Советот на општина на 55-тата на седницата одржана на ден 19.10.2016 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**За вршење на проширена дејност во доградениот дел на објект „Детелинка“ во населба Ѓорче Петров, кој ќе функционира во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“, Општина Ѓорче Петров, Скопје.**

### Член 1

Со Одлуката се дозволува вршење на проширена дејност на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“, во доградениот дел на објектот лоциран на ул. „Мечкин Камен “ бр. 45а во населба Ѓорче Петров, општина Ѓорче Петров кој ќе функционира во состав на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“, на ул. Исаија Мажовски бр. 35 општина Ѓорче Петров, Скопје.

### Член 2

Во доградениот дел на објектот ќе се спроведува програма за рано учење и развој.

Според времетраењето програмата ќе се остварува во целодневен престој на децата, за згрижување и воспитно образовна работа, со вкупен капацитет од 25 деца.

### Член 3

Доградениот дел на објектот се наоѓа во населба Ѓорче Петров, ул.„Мечкин Камен“ бр.45а, општина Ѓорче Петров, Скопје.

### Член 4

Дејноста на детската градинка е: Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст која се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско - рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование.

**Член 5**

За реализација на програмата за рано учење и развој ќе се обезбеди кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на РМ бр. 28/14, 40/14,136/14 и 71/15“).

**Член 6**

Средствата за непречено и нормално функционирање, односно за вршење на дејноста на објектот ќе се обезбедат од буџетот на општина Ѓорче Петров, од Буџетот на Република Македонија преку блок дотации, од надоместокот на корисниците на услугата, донации и други извори на финансирање согласно закон.

**Член 7**

Средства за основање и почеток со работа на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“ Ѓорче Петров, општина Ѓорче Петров, за доградениот дел на објектот, се обезбедени од основачот.

**Член 8**

Општина Ѓорче Петров како основач на ЈОУДГ „РОСИЦА“ ќе ги преземе сите потребни активности утврдени во законските и подзаконските акти, со цел добивање на Решение од надлежното Министерство за отпочнување со работа на објектот.

**Член 9**

Директорот на ЈОУДГ „РОСИЦА“ општина Ѓорче Петров се обврзува да ги преземе сите потребни активности, согласно законските и подзаконските акти, со цел усогласување на актите на градинката, поради отпочнување со работа на доградениот дел на објектот „Детелинка“.

**Член 10**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-3085/6**
**Од 19.10.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Стратегија за основното образование на Општина Ѓорче Петров за период 2017-2022 година**

Се објавува Одлуката за донесување на Стратегија за основното образование на Општина Ѓорче Петров за период 2017-2022 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница, одржана на ден 19.10.2016 година.

**Број 09-3138/5**
**Од 19.10.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14),Советот на општина на 55-тата на седницата одржана на ден 19.10.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Стратегија за основното образование на Општина Ѓорче Петров за период 2017-2022 година**

**Член 1**

Се донесува Стратегијата за основнотото образование на Општина Ѓорче Петров за период 2017-2022 година.

**Член 2**

Одлуката стапува на осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-3085/7**
**Од 19.10.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# СТРАТЕГИЈА

## За Основното образование на Општина Ѓорче Петров

**Октомври, 2016 година**
**Скопје**

Содржина:

1. Вовед ........................................................................................................................ 3
2. Правна рамка за надлежности и ингеренции на локалната самоуправа во основното образование ........................................................................................................................ 4
3. Методологија за изготвување на локалната стратегија за образование во Општина Ѓорче Петров ........................................................................................................................ 6
4. Сегашна состојба во основното образование во Општина Ѓорче Петров.................................... 8
4.1 Профил на Општина Ѓорче Петров ........................................................................................ 8
4.2 Демографска структура на население во Општина Ѓорче Петров ...................................... 10
4.3 Мрежа на основни училишта ................................................................................................ 13
4.4 Училишни објекти-инфраструктура ..................................................................................... 26
4.4 Наставни средства и помагала и опременост на основните училишта............................... 38
4.6 Вработени во основните училишта (административен кадар, наставен кадар, стручни служби и технички персонал) ................................................................................................ 40
4.7 Реализација на наставни, вонnаставни и слободни активности............................................... 47
4.8 Интегрирани образовни програми (инклузија на ученици со посебни образовни потреби, екологија, училишен спорт, мулиткултурализам)........................................................................ 55
4.9 Превоз и исхрана.................................................................................................................. 61
4.10 Буџет за основно образование ........................................................................................... 61
5. Анализа на состојба во основното образование во Општина Ѓорче Петров.............................. 67
6. Стратегија за образованието во општина Ѓорче Петров .............................................................. 71
6.1. Мисија ....................................................................................................................................... 71
6.2. Визија ........................................................................................................................................ 71
6.3. Подрачја на промени ................................................................................................................ 71
7. Стратегии, стратешки цели и рокови............................................................................................ 72
8. Прилози.......................................................................................................................................... 84

# 1. Вовед

Образованието претставува еден од главните општествени столбови без кој невозможно е да се замисли успешното функционирање на современиот човек. Од една страна тоа ги запознава учениците со најновите сознанија во различните научни области што е неопходно за натамошен прогрес, а од друга страна им ги пренесува на учениците традициите, кулутурата и одбележјата на припадниците на одреден народ со што има важна улога во зачувувањето на неговиот идентитет. Воедно образованието е еден од најзначајните чинители во развојот на личноста.Со процесот на деценрализација единиците на локалната самоуправа добија надлежности во сферата на образованието. Очекувањата од децентрализацијата се движат во насока на подобрување на воспитно-образовниот процес преку унапредување на функционирањето на воспитно-образовните установи, поактивно  вклучување на граѓанинот во одлучувањето за прашања од образованието, поголема соработка со граѓанскиот сектор итн. Согласно принципите врз кои е спроведена децентрализацијата општините кои го чинат градот Скопје немаат ингеренции во сферата на средното образование  па затоа кај нив акцентот е ставен врз основното образовение. Тоа  трае девет години и е поделено во три периода: (1) првиот е од прво до трето одделение, (2) вториот  го сочинуваат четврто, петто и шесто одделение и (3) третиот трае од седмо до деветто одделение. Согласно Уставот на Република Македонија основното образовение е задолжително и бесплатно за сите граѓани на државата.

Општина Ѓорче Петров во рамките на своите надлежности и можности посветува особено внимание за развој и непречено одвивање на воспитно-образовниот процес. Во рамките на тие заложби е  и изработката на овој документ: „Стратегијата за основно образование на  Општината Ѓорче Петров (2016-2021)“. Со него се опфатени: правна рамка за надлежности и ингеренции на локалната самоуправа во основното образование, сегашна состојба во основното образование во Општина Ѓорче Петров, стратегиите, стратешките цели, мислијата, визијата како и подрачјата на промени.

## 2. Правна рамка за надлежности и ингеренции на локалната самоуправа во основното образование

Правната рамка која го регулира основното образование во Република Македонија дава одрени ингеренции на едининиците на локалната самоуправа. Со спореведувањето на децентрализацијта во државата општините добија надлежности во сферата на основното образование. Процесот на децентрализација всушност значи редистрибуција на одговорностите во сферата на образованието во насока на нивно зголемување на локално ниво за сметка на концентрирањето на одговорностите на централно ниво. Децентрализацијата се одликува со пренесување на одговорностите од национално на општинско/локално ниво и се стреми да им овозможи на граѓаните да бидат повеќе вклучени во процесите на донесување одлуки. Од аспект на управувањето со образовниот ситем во Република Македонија може да се разликуваат три нивоа: (1) ниво на централна власт (макро ниво) кое ги вклучува Министрeството за образование и наука (МОН), Бирото за развој на образованието итн.; (2) ниво на локална власт (средно ниво) кое ги вклучува Градоначалникот, Советот на општината, секторите за образование кои функционираат во рамките на локалните самоуправи, овластениот општински инспектор за образование итн.; (3) ниво на училишна власт (микро ниво) кое ги вклучува директорот на училиштето, училишниот одбор итн.[1];

Согласно Законот за локалната самоуправа општините се сопственици на училишните згради, во нивна надлежност е нивното одржувањето на зградите и имаат свои ингеренции врз наставничкиот, техничкиот и административниот кадар во училиштата.Тие имаат надлежност во ораганизирањето на превозот на учениците, исхраната во училиштата како и сместувањето на учениците во ученичките домови.

Со Законот за основното образование општините имаат надлежност во сферата на основањето на нови основни училишта, како и престанокот со работата на основните училишта на територијата на општината. Единиците на локалната самоуправа ги одобруваат годишните програми за работата на основните училишта, ги усвојуваат годишните извештаи за работат на училиштата, имаат надлежност во запишувањето на учениците и во формирањето на паралелките (вклучително и комбинираните паралелки), а преку овластениот просветен инспектор вршат надзор над работата на училиштето. Со двајца претставници општината учествува во работата на училишниот одбор кој претставува орган на управување со училиштето и е составен од девет члена. Локалната самоуправа е надлежна за финансирањето на работата на основните училишта преку управувањето со средствата добиени од централната власт, а исто така може да издвои

[1] Ласовска Благица, ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И МЕСТОТО И УЛОГАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РАКОВОДЕЊЕТО СО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА – Магистерски труд, Скопје 2012

дополнителни – сопствени средства кои би се користеле за подобро функционирање на воспитно-образовниот процес во училиштата.

Според Законот за фининсирање на единиците на локалната самоуправа општините добиваат средства во облик на наменски и блок дотации кои потоа треба да ги користат за обезбедување на материјални услови за непречена работа на училиштата.

Општините кои се наоѓаат во градот Скопје немаат ингеренции во сферата на средното образование (Закон за Град Скопје), за разлика од останатите општини во Република Македонија кои ја имаат и надлежноста во овој сегмент на образованието.

Според „Националната програма за развој на образованието 2005-2015“ локалната самоуправа има обврска да го подобрува квалитетот во основното образование на тој начин што ќе обезбеди: „одржување на објектите, инвестиции во инфраструктурна и образовна опрема, афирмација на образованието во средината и семејствата, локалнотофинансирање и стручната помош преку своето одделение за образование“. Исто така во наведениот документ е предвидено општината да врши контрола врз квалитетот на образованието преку спроведување на интерна контрола која би подразбирала употреба на механизми за мерење на индикаторите на успешност.

Во „Концепцијата за десетгодишното основно образование и воспитание“ важно значење му се придава и на соработката на основните училишта со локалната седина. Се наведува дека основните училишта треба да имаат : „ соработка со локалната самоуправа и воспитно-образовните установи,институции од областа на културата, претпријатија и други органи и организации заради збогатување на содржините и активностите на учениците;“. Исто така во наведениот документ е посочено дека училиштата треба да учествуваат во активности за одбележување на значајни прослави, односно на учествува во манифестации што се одвиваат во локалната средина, при што „ училиштето ги покажува постигањата во наставата и слободните ученички активности (хор, оркестар, драмски и литературни групи, ликовно творештво и сл.).“ Според „Концепцијата за десетгодишното основно образование и воспитание“ општините можат да ги поддржуваат ваквите активности на училиштата: „Овие активности се планираат со програмата за работа на училиштето и се поддржуваат со одредени финансиски средства од фондовите за образование на општината и со донации. “.

## 3. Методологија за изготвување на локалната стратегија за образование во Општина Ѓорче Петров

Изготвувањето на „Стратегијата за основно образование на Општината Ѓорче Петров (2016-2021)“ подразбираше анализа на законите и другите документи од областа на децентрализацијата и на основното образование.

Во поглед на демографските карактеристики и миграциите на населението се анализираа податоци од Заводот за статистика во Република Македонија.

Се изврши анализа на документите доставени од училиштата до Општината:

- Годишен извештај за работата на училиштето;
- Годишна програма за работата на училиштето;
- Извештај за споведена самоевалуација на работа на училиштата
- Развоен план за работата на училиштето
- Извештај од извршена интегрална евалуација на работата на училиштето;
- Статистички прегледи доставени од општинската администрација што се однесуваат на бројот на учениците, етничкиот состав, родовата припадност, возраста на учениците итн.;
- Прегледи кои се однесуваат на вработените во училиштата;

Исто така беа анализирани буџетите на општината во делот за образованието.

За изработка на Стратегијата беа реализирани следниве средби:

- работна средба со директорите на основните училишта и со советниците од Општината со цел: (1) да се стекне увид во сегашната сотојба со основното образование во Општината, (2) да се утврдат подрачјата каде што може/треба да се интервенира и (3) да се утврдат најдобрите начини за интервенирање во регистрираните области, како и утврдување на најсоодветната временска рамка за имплементирање на промените.
- Спроведување на фокус групи составени од претставници на училиштата и претставник од локалната самоуправа. Со нив би се сработила SWOT анализа за да се детектираат силните и слабите страни во основното образование во општината, можностите за промена и евентуалните потешкотии за реализација на промените. Овие средби се важни за утврдување на визијата и мисијата на основното образование во Општината Ѓорче Петров како и за утврдување на стратегиите, стратешки цели и рокови.

*Теренско истражување*

За изработката на стратегијата беа реализирани шест фокус групи во секое училиште каде што беше спроведена SWOT анализа, и изработени шест предлози за мислијата и визијата на основното опразование во Општина „Ѓорче Петров“;

При изработката на стратегијата треба да се спроведено теренско истражување тоа опфати 295 ученици од сите основни училишта Исто така беа анкетирани 209 наставника како и 292 родитела од сите училишта.

При изработката на стратегијата ќе бидат реализирани на низа индивидуални контакти со претставници од училиштата и локалната самоуправа со цел да се добијат релевнатни податоци за одредена појава.

Во текот на изработката на стратегијата на 14.06.2016 беше одржана работилница на која пртсавници од училиштата, Општина „Ѓорче Петров“, МОН, БРО,

Стратегијата се изработи во периодот од 01.02.2016-01.07.2016 година.

# 4. Сегашна состојба во основното образование во Општина Ѓорче Петров

## 4.1 Профил на Општина Ѓорче Петров

Општината Ѓорче Петров е една од десетте скопски општини, се наоѓа во северозападниот дел од скопската котлина, а од градското јадро е оддалечена пет километри. Има површина од 6 693 хектари и во нејзина близина се реките: Вардар, Лепенец и Треска. Според пописот на населението од 2002 година општината брои 41 693 жители[2]. Според проценката на населението за 2014 година што ја направи Државниот завод за статистика на Република Македонија во Општина Ѓорче Петров живеат 42 235 жители.[3] Општината покрај својот урбан дел вклучува и неколку села: Грачани, Кучково, Никиштане, Орман, Волково и Ново Село. Нејзини соседни општини се Карпош, Чучер-Сандево и Сарај.



Иако во 1996 општината Ѓорче Петров се издвојува како посебна единица од општина Карпош, таа има богата историја. По Првата Светска Војна општина Ѓорче Петров била предградие на Скопје и го носела имато Ханриево, по францускиот генерал Ханрис, за време на бугарската окупација 1941 г. го добива името Жостов, по истоимениот бугарски

[2] ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 2002 - КНИГА XIII ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Скопје, 2005

[3] ПРОЦЕНИ НА НАСЕЛЕНИЕТО НА 30.06.2014 И 31.12.2014 СПОРЕД ПОЛОТ И ВОЗРАСТА ,
ПО ОПШТИНИ И ПО СТАТИСТИЧКИ РЕГИОНИ (НТЕС 3 - 2007 ГОДИНА), СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД: Население и социјални статистики 2.4.15.10821 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Скопје, 2015

генерал, а по ослободувањето го добила името Ѓорче Петров според големиот македонски ревулиционер.

На подрачјето на Општина Ѓорче Петров постојат следниве урбани заедници: УЗ Ѓорче Петров, УЗ Даме Груев, УЗ Дексион, УЗ Мирче Ацев и УЗ Хром. Покрај наведените урбани во руралните средини постојат следниве месни заедници: МЗ Волково, МЗ Кучково, МЗ Ново Село, МЗ Кисела Јабука, МЗ Орман, МЗ Орман, МЗ Волково-Пржина. Целта на овие заедници е обезбедување на полесна комуникација со граѓаните кога се во прашање комуналните и инфраструктурните проблеми. Преку месните и урбаните заедници можат да се покренат иницијативи за подобрување на комуналната инфраструктурата, одржувањето на објектите од јавен интерес, заштита на природната средина, иницијативи за уредување на просторот, иницијативи за организирање на културни спортски и друг вид на активности итн.

Во поглед на инфраструктурата во општината има 80% покриеност со асфалтна патна мрежа,  водоводна мрежа е со покриеност од 70%, фекалната мрежа има покриеност од 60%, а во општината има и железничка линија со колосек за Косово и Кичево. Електро – енергетската и телекомуникациската мрежа имаат целосна покриеност на териотријата на Општина Ѓорче Петров, додека кабелската телевизија и интернетот имаат покриеност само половина од општината. Во општина Ѓорче Петров нема прочистителна станица, има проблеми со дивата градба ,како и проблеми со напонот на електричната мрежа. Во општинат нема локални медиуми.

Во поглед на економијата во општина Ѓорче Петров постојат следниве стопански гранки:

- Градежна индустрија: АД „Карпош“,АД „АДИНГ“, Погоните на АД „Маврово“, АД „Бетон“ итн.
- Фармацевска и хемиска индустрија: АД„Алкалоид“,АД „Фармахем“, АД „Галафарм“, АД„Лафома“,„Техосол“ итн.
- Текстилна индустрија: „ Ажур “,„Велурфлок“, „Даматекс“, „Обнова“, „Марди“ итн.
- Прехранбена индустрија: МИС „Глобус“, ТП Специјал, „Дрога Колинска“ итн.

Освен наведените индустриски гранки застапена е и металопреработувачката индустрија во форма на мали но ефикасни работилници, потоа занаетчиството, услугите и трговијата.

На територијата на Општина Ѓорче Петров има шест основни и едно средно училиште, како и една установа за предучилишно образование.

Во областа на спортот постојат ракометниот клуб „Ѓорче Петров“, фудбалскиот клуб „Македонија“ и кајакарскиот клуб на диви води „Ластовица“.

## 4.2 Демографска структура на население во Општина Ѓорче Петров

Според пописот од 2002 година во Општина Ѓорче Петров живеат 41 693 жители[4]. Според проценката на населението за 2014 година што ја направи Државниот завод за статистика на Република Македонија во Општина Ѓорче Петров живеат 42 235 жители[5] (20 658 мажи и 21 577 жени) .




Од График 1 гледаме дека Општината Ѓорче Петров е претежно населена со Македонци. Податоците се од пописот во 2002 година, а проценки на населението според етничката припадност не се на располагање.

Иако според проценката на бројот на населението во Општина Ѓорче Петров за 2014 бројот на жители најверојатно се зголемил, сепак бројот на учениците во основното образование е намален. Најмногу се зголемува бројот на лица постари од 55 години, а потоа и на оние помеѓу 30-39 година. Тоа јасно може да се види од График 2.

[4] ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 2002 - КНИГА XIII ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Скопје, 2005

[5] ПРОЦЕНИ НА НАСЕЛЕНИЕТО НА 30.06.2014 И 31.12.2014 СПОРЕД ПОЛОТ И ВОЗРАСТА ,
ПО ОПШТИНИ И ПО СТАТИСТИЧКИ РЕГИОНИ (НТЕС 3 - 2007 ГОДИНА), СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД: Население и социјални статистики 2.4.15.10821 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Скопје, 2015




Сепак треба да имаме на ум дека податоците за 2014 година се проценети од страна на Државниот завод за статистика и финалните заклучоци ќе ги изведуваме земајќи ги предвид и останатите извори.

На График 3 е прикажана образовната структура на населението на Општина Ѓорче Петров. Најголем број од населението во Општина Ѓорче Петров е со средно ниво на образование(57%).. Со основно образование има 22%,  со високо образование има 8,6%. Во општината има жители кои немаат оформено основно образование (се претпоставува дека станува збор за  постарата популација).



- *Миграции во Опшина Ѓорче Петров*

Миграциите во Општина Ѓорче Петров се анализирани со користење на официјално публикувани материјали од Државниот завод за статистика на Република Македонија. Со анализата е опфатен четиригодишен период поточно периодот од 2010 до 2014 година. За полесно следење и разбирање на миграциите во општината, за одредени прашања поврзани со миграциите се изготвени и графикони. Во анализата на движењето на населението акцентот е ставен на анализата на миграциите релевантни за документот што се обработува.

Од График 4 се гледа дека граѓаните повеќе се доселувале во Општина Ѓорче Петров отколку што се одселувале.  Гледаме дека доселувања во општината се во пораст.







Демографската структура општина „Ѓорче Петров“ не покажува големи тендеции за промена. Постои извесно зголемување на бројот на населението. Во однос на полот повеќе се доселувале и отселувале женски лица (График 5)

## 4.3 Мрежа на основни училишта

Со деценртрализацијата, управувањето со образованието е пренесено на локално ниво и  Општина Ѓорче Петров е надлежна за организирање на образовниот процес во основното образование. Согласно Законот за локална самоуправа, општината е надлежна за обезбедување на целосен опфат во задолжително основно образование преку реонизација на основните училишта и основање и затворање на основни ичилишта, по добиена согласност од МОН.

Исполнувајќи ја својата законска обврска (Согласно член 46 став 5 од Законот  за основно образование и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа) Општината Ѓорче Петров има донесено одлука за реонизација на основните училишта. Основно образование во Р. Македонија е задолжително за секое  дете, а основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон. Реонизацијата е особено важна, бидејќи таа дефинира во кое училиште учениците треба да посетуваат настава според реонот во кој живеат. Со Одлуката за утврдување на реони на основните училишта во Општина Ѓорче Петров, за секое училиште се утврдува реонот или територијата од која училиштата ќе ги опфаќаат учениците. Основното училишта е должно да ги опфати учениците од својот реон. Реонизацијата има за цел да обезбеди рамномерен прилив на учениците во општинските основни училишта и рационално искористување на училишните капацитети во Општината Ѓорче Петров.

На подрачјето на Општина Ѓорче Петров работа 6 основни  училишта: О.О.У. „Ѓорче Петров", О.О.У.„Јоаќим Крчовски", О.О.У. „Мирче Ацев", О.О.У. „Страшо Пинџур", О.О.У. „Тихомир Милошевски", О.О.У. „Димитар Поп Георгиев Беровски".

- **ООУ„Ѓорче Петров**

Основното општинско училиште „Ѓорче Петров" - Скопје е лоцирано во населбата Ѓорче Петров ИИ И  Го опфаќа реонот на УЗ Дексион.

Училиштето  е основано по земјотресот во Скопје, на 13 февруари 1964 година, под името „14 Ноември", како подарок од владата на Велика Британија. Почнало да работи со 408 ученика во 13 паралелки. Наставата се одвивала во хангари. Поради растежот на населбата се појавиле просторни проблеми и потреба за ново училиште. Во 1969 година почнало да се гради денешното училиште кое го добило името „Ѓорче Петров".

Денес училиштето работи во современо опремен објект. Пристапот до училиштето е возможен со постоечкиот градски сообраќаен транспорт, автобуските линии: 2, 5, 11,12,56 и 60, на која почетна станица во последните четири години е пред главниот влез на училиштето.

Реонот на основно училиште „**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**"-Скопје, ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Дексион" при што се простира на исток до улицата „Георги Казепов" и улицата  „Сремски Фронт", на југ до реката Вардар, на запад до автопатот и на север до населбата над железничката пруга.




*Тука спаѓаат улиците: Борис Сарафов (4-ти Јули) парни поголеми од 102 и непарни поголеми од 97 броеви, Александар Македонски, Анастас Коцарев, Андреја Зограф, Андреја Папрадишки, Апостол Петков-согласно графички прилог, Беаз Куле, Георги Казепов-западна страна, парни до 16б (освен 16-зграда), Гостиварска, Драгувити, Ѓорче Петров 1,3,5 и 7, Ѓорче Петров парни од бр. 132 поголеми и непарни поголеми од 109, Жеденска, Кадињача, Кузман Шапкарев, Љубин, Мијачка, Наум Чакарев-западно од ул. Георги Казепов и парни до бр. 48, Островска, Панајот Гиновски, Полициска населба, Смилевска, Трајко Бошковски-Тарцан, Црногорска: 2, 4, 6, 8, 10, 12 до Црногорска 14, Црногорска од бр.1 до бр.67, Зграда бр. 48 и 49 на ул. Наум Чакарев и Георги Казепов*

Во училиште редовната настава посетуваат и ученици Општината Сарај.

- **О.О.У. „Мирче Ацев"**

Реонот на основно училиште „**МИРЧЕ АЦЕВ**"-Скопје, ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Мирче Ацев" и дел од урбаната заедница „Ѓорче Петров" при што се простира на исток до улицата „Ацо Шопов" и реката Лепенец, на југ до улицата „Ѓорче Петров", на запад до улицата „Георги Казепов" на север до железничката пруга.



*Реонот ги опфаќа улиците: Борис Сарафов (старо име 4-ти Јули)  парни до бр.100 и непарни до бр. 95 , Ангел Винички, Апостол Петков-согласно графички прилог, Арсениј Јовков, Атанас Иљоски, Ацо Шопов-граница на општината, Вера Циривири, Георги Казепов-непарни сите, парни од бр.16 до 26, Дубровничка, Ѓорче Петров (стара), Ѓорче Петров-северна страна до број. 130, Ѓурчин Кокале, Знеполе, Јадранска, Јосиф Даскалов, Крсто Раковски, Македонска Преродба, Марк Твен-согласно графички прилог, Мечкин Камен, Наум Чакарев-источно од Г. Казепов согласно графички прилог, Никола Вукмировиќ, Партизанска од Порта Влае до ул. Борис Сарафов (старо име 4-ти Јули), Пролетерска (до Фјодор Достоевски, северозападна страна), Радушка-согласно графички прилог, Сремски Фронт-северно од ул. Ѓорче Петров, Фјодор Достоевски-западна страна, Црногорска-сите краци во близина на надвозникот за населба Даме Груев, Шидска-северно од ул. Ѓорче Петров.*

- **О.О.У. „Димитар Поп Георгиев Беровски"**

Реонот на основно училиште „**ДИМИТАР ПОП ГЕОРГИЕВ БЕРОВСКИ**"**-**Скопје, ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Ѓорче Петров", урбаната заедница „Хром" и дел од урбаната заедница „Мирче Ацев"  при што се простира на исток до улицата „Адолф Циборовски", на југ до реката Вардар, на запад до улицата „Сремски Фронт" и на север до улицата „Ѓорче Петров".

Училиштето има свое подрачно училиште во населбата Хром кое се формираше во 2012 година.

*Реонот ги опфаќа улиците: Алекса Демниевски (сите краци), Адолф Циборовски, Александар Мартулков, Браќа Галеви, Браќа Чакреви, Веле Марков, Виа Егнатиа, Воин Драшкоци, Даутица, Депа Каева, Ѓорче Петров (јужна страна, од бр.19 до бр.107), Ѓуро Салај, Зејнел Ајдини, Злате Михајловски, Ибе Паликуќа, Исаија Мажовски, Јосиф Ковачев, Кичевска, Крсте Гермов Шакир, Лихнида, Мавровска, Мајски Манифест, Македонска Војска, Манчу Матак, Мис Стон, Мице Козар, Никола Пушкаров, Панко Брашнаров, Пробиштипска, Рамиз Садику, Рафајло Батино, Сагудати, Смољани, Социјалистичка Зора, Сремски Фронт, јужно од ул. Ѓорче Петров, Стево Филиповиќ, Стоби, Струмјани, Тодор Ц-Мерџан, Хераклеја, Шидска, јужно од Ѓ. Петров, Штросмаерова.*



- **О**

## .О.У. „Страшо Пинџур”

ООУ„Страшо Пинџур“ е  лоцирано во населбата „Даме Груев".  Изградено е 1980 година, со средства од самопридонес на граѓаните на град Скопје. Верифицирано е  од Општинскиот комитет за образование, култура и физичка култура со решение бр. 11-587/21, од 31. 01. 1986 год. Во рамките на училиштето работат и две паралелки на СОУ „Златан Сремац“ за ученици со пречки во развојот кои живеат во општината „Ѓорче Петров“.




Реонот на основно училиште „**СТРАШО ПИНЏУР**“**-**Скопје, ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Даме Груев“ при што се простира на исток до реката Лепенец, на југ и запад до железничката пруга и на север до улицата „Лука Геров“ и улицата „102“ с. Ново Село

*Реонот ги опфаќа улиците: Аветралиска, Антон Кецкаров, Антон Чехов, Арсо Мицков, Бертранд Расел, Борис Бојаџиски, Волковска (ул.100), Волче Наумчевски, Лазо Димов Ошенски, Лепенец, Лука Геров (сите краци), Моцартова, Николај Островски, Пекљане (сите краци), Пелинце, Тиранска, Торонто, Шарпланинска, ул. 102 или ул.1 с. Ново Село*

## • О.О.У. „Тихомир Милошевски”

Основното училиште ,, Тихомир Милошевски “ е лоцирано во с.Ново Село, општина Ѓорче Петров, Скопје. Со својата воспитно образовна работа ги опфаќа учениците од селото Ново Село, населбите: Кисела Јабука, Стопански Двор и дел од с.Волково. Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик.

Реонот на основно училиште  „**ТИХОМИР МИЛОШЕВСКИ**“-с. Ново Село-Скопје, ја опфаќа територијата на населените места: Ново Село, Кисела Јабука, Стопански Двор и дел од Волково, при што се простира, на исток, до реката Лепенец, на југ до улицата „Лука Геров“ и улицата „102“ с. Ново Село, на запад до автопатот и на север до улиците „25” и „85“  во с. Волково.



*Реонот ги опфаќа улиците: ул. 1, ул. 51 и ул. 52 во населбата од Стопански Двор, ул. 2, ул. 3, ул. 4, ул. 5, ул. 6, ул. 100, ул. 102, ул. 104, ул. 106 и ул. 108 во Ново Село, ул. 20, ул. 22, ул. 24 Црквиште - согласно графички прилог,ул. 1, ул. 2, ул. 4 ул. 6, ул. 8, ул. 10, ул. 12, ул. 14, ул. 16, ул. 18, ул. 20, ул. 22, ул. 24, ул. 26, ул. 30, ул. 32, ул. 34, ул. 36, ул. 38, ул. 40, ул. 42, ул. 44, ул. 46 ул. 48, ул. 50, ул. 52, ул. 54, ул. 56, ул. 58, ул. 60, ул. 62, ул. 64, ул. 66, ул. 68, ул. 84 во населбата Кисела Јабука, ул. 3, ул. 5, ул. 7, ул. 9, ул. 11, ул. 13, ул. 15, ул. 17, ул. 19, ул. 21, ул. 23, ул. 25, ул. 31, ул. 47, ул. 55, ул. 57, ул. 59, ул. 61, ул. 63, ул. 65, ул. 67, ул. 69, ул. 71, ул. 73, ул. 75, ул. 77, ул. 81, ул. 83, ул. 100 во с. Волково.*

- **О.О.У.„Јоаќим Крчовски”**

ООУ ,,Јоаким Крчоски“ е основано во од страна на Собранието на Општина Идадија. Училишната зграда е изградена во 1948-1950 и доградена во 1976-1978. Во 1982 фукнционира како централно училиште во с.Волково и три подрачни училшта во селата: Кучково, Никиштани и Грачани. Во 1995 е укинато подрачното училиште во с. Грачани, а подоцна (1999/2000) е укинато и подрачното училиште во с. Кучково. Денес фукнционира уште подрачното училиште во с.Никиштани, каде настават се изведува на албански наставен јазик, додека наставате во централното училиште во с.Волково се изведува на македонски најставен јазик. Училишната зграда е од масивна градба и е на два ката, а наставата се одвива во две смени. Постои организиран превоз на учениците.

Реонот на основно училиште **„ЈОАКИМ КРЧОСКИ“**-с. Волково-Скопје, ја опфаќа територијата на дел од месната заедница „Волково“ и месните заедници „Орман“, „Волково-Пржина“, „Кучково“, „Никиштани“ и, при што се простира на исток до реката Лепенец и на југ до улиците „25“ и „85“ во с. Волково.



## 4.5 Мрежа на основни училишта

**Број на ученици во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров**

Во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров во учебната 2015/2016 година учат вкупно 3314 ученици. Во учебната 2013/2014 имало најголем број на ученици 3349, а во 2013/20174 најмал 3279. Во последните четири години нема големи отстапувања во однос на бројот на ученици.




Број на ученици во ООУ Ѓорче Петров
294
298
295
305
2012/2013
2013/2014
2014/2015
2015/2016


Број на ученици во ООУМирче Ацев
873
840
803
790
2012/2013
2013/2014
2014/2015
2015/2016


Број на ученици во ООУДимитар Беровски
395
463
512
556
2012/2013
2013/2014
2014/2015
2015/2016


Број на ученици во ООУ Страшо Пинџур
655
673
649
617
2012/2013
2013/2014
2014/2015
2015/2016


Број на ученици во ООУ Тихомир Милошевски
534
525
516
526
2012/2013
2013/2014
2014/2015
2015/2016


Број на ученици во ООУ Јоаким Крчоски
528
550
543
547
2012/2013
2013/2014
2014/2015
2015/2016

Од График 6

Од График 6 се гледа дека бројот на ученици во училиштето „Димитар Поп Георгиев Беровски“ покажува тренд на зголемување, додека во ООУ „Мирче Ацев“ постои тенденција на благо намалување на бројот на запишани ученици.
Причините за намалувањето на бројот на ученици во ООУ„Мирче Ацев“ и зголемувањето на бројот на учениците во ООУ„Димитар Поп Георгиев Беровски“ се должи на реонизацијата која се однесува на основините училишта во Општина „Ѓорче Петров“.

На ниво а општината е изготвена процедура која се однесува на уписот на првачиња во шесте основни училишта. Процедурата е направена со цел да ги упати педагошко– психолошките служби во основните училишта како да ја следат законитоста и навремено да ги спроведуваат законските прописи при запишување на ученици во прво одделение во основното училиште. Процедурата детално ја разработува постапката за запишување ученици во прво одделение во основното училиште. Во процедурата дадени се 34 чекори кои претставуваат конкретни активности кои треба да се реализираат од страна на одговорните лица во даден временски период. Овој документ треба да им помогне на основните училишта во подготвување на комплетна документација при запишување ученици во прво одделение.

Во графиконите 7,8 и 9 се дадени податоци за учениците запишани во учебните 2013/2014, 2014/2015 и 2015/2016 според родовата припадност.




График 8. Запишани ученици според пол во учебната 2014/2015
ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“
ООУ „Тихомир Милошевски“
ООУ „Страшо Пинџур“
ООУ„Мирче Ацев“
ООУ„Јоаким Крчовски“
ООУ„Ѓорче Петров“
232
279
253
263
323
326
397
406
284
269
127
167
0
50
100
150
200
250
300
350
400
450
Женски
Машки


График 9. Запишани ученици според пол во учебната 2015/2016
ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“
ООУ „Тихомир Милошевски“
ООУ „Страшо Пинџур“
ООУ„Мирче Ацев“
ООУ„Јоаким Крчовски“
ООУ„Ѓорче Петров“
254
296
249
281
313
304
396
387
285
261
128
165
0
50
100
150
200
250
300
350
400
Женски
Машки




Од График 10 се гледа дека најголемиот број од родителите имаат средно ниво на образование. Мајките имаат повисоко ниво на образование во споредба со татковците.




Од График 11 може да се види дека најголем број од родителите во ООУ„Ѓорче Петров“ имаат оформено средно ниво на образование, при што мајките се со повисоко образование од татковците, но мајките се бројни и во групата со основно ниво на образование.




Од График 12 може да се види дека во ООУ„Димитар Поп Георгиев Беровски“ родителите имаат претежно завршено средно  образовани и дека мајките завршуваат повисоко образование од татковците.




Од График 13 може да се види дека во ООУ„Страшо Пинџур“ родителите во најголем број завршено средно  образование и дека поголем број од мајките  имаат завршено високо или магистерско ниво на образование во споредба со татковците.




Од График 14 може да се види дека најголем број од родителите во ООУ„Тихомир Милошевски“ имаат оформено средно ниво на образование, при што мајките повече имаат завршено високо образование.




Од График 15 може да се види дека во ООУ„Јоаким Крчоски“ – Волково родителите имаат претежно завршено средно образовани и дека мајките завршуваат повисоко образование од татковците.




Од График 15а може да се заклучи дека подрчното училиште на ООУ„Јоаким Крчовски во село Никиштани“ образованието на родителите е начесто основно, при што нивото на образование на мајките е пониско од она на таковците.

Секоја фискална година, Советот на Општината Ѓорче Петров усвојува Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата за основно образование за училиштата. Основни параметри по кои се врши

распределбата се бројот на учениците и училишниот простор (м2), а се зема предвид и потребата од организиран превоз на учениците.

Главни трошоци во буџетот за образование се платите на наставниот и ненаставниот кадар во основните училишта. Бруто платите на вработените како задолжителна обврска претставуваат 85,5% во 2014 год, 86,7% во 2015 год и 87,6% за 2016 год од блок дотацијата за основно образование. Ова се главни трошоци во буџетите за образование во сите општини во Р.Македонија.

На График бр.1 е прикажана блок дотацијата за последните три години распределена на бруто плата и наменскиот дел за матерјални трошоци.




График бр.1

Остатокот средства се наменети за матерјалните трошоци за основните училишта одржување на објектите, комунални услуги, греење, електрична енергија, вода, како и сите потребите за непречено одвивање на наставниот процес.

За 2016 година општината, согласно Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата за основно образование за училиштата го има распределено наменскиот дел за матерјални трошоци во износ од 16.251.000 денари по сите основни училишта како во табела бр.2.

Училиштето кое има најголем број ученици и најголем училишен простор добива најголем дел од блок дотацијата, а најмал дел добива училиштето со најмал број на ученици. Основното училиште Јоаким Крчоски се наоѓа во руралниот дел на општината и е единствено училиште кое користи организиран автобуски превоз за своите ученици и неговиот дел во распределбата на средства е зголемен за 5%.

| Општинско основно | Училишна | Број на | Вкупно МКД | Во |
|---|---|---|---|---|

| училиште | површина | ученици | | проценти |
|---|---|---|---|---|
| **МИРЧЕ АЦЕВ** | 4253 | 783 | 3.648.372 | 22,45 % |
| **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ** | 3745 | 296 | 1.833..124 | 11,28 % |
| **ДИМИТАР БЕРОВСКИ** | 4188 | 550 | 2.826.066 | 17,39 % |
| **СТРАШО ПИНЏУР** | 3200 | 617 | 2.801.690 | 17,24 % |
| **ТИХОМИР МИЛОШЕВСКИ** | 1541 | 530 | 2.070.390 | 12,74 % |
| **ЈОАКИМ КРЧОВСКИ** | 1430 | 546 | 3.071.458 | 18,90 % |

Табела бр.2.

На График бр.2 се дадени пак расходите на средства за секое основно училиште за 2015 година (наменскиот дел за матерјални трошоци заедно со платите на вработените).




График бр.2

Структурата на буџетот за образование нема големи отстапки во изминатите 3 години. На График бр.3 е прикажана реализацијата на наменскиот дел за матерјални трошоци во 2015 година. Најголемиот дел, поточно 60% од средствата за матерјални трошоци се трошат за комуналии каде спаѓаат течни горива, дрва и јаглен, понатаму електрична енергија, вода, телефон и телекомуникациски услуги и др.

Основните училишта во општината се греат на нафта, едно основно училиште и едно подрачно училиште како енергенс користат и дрва. Најголемиот дел од средствата за матерјални трошоци се користат за затоплување на училиштата, На матерјалните трошоци и ситен инвентар (канцелариски матерјали, списанија, наставни помагала и ученички матерјали, ситен инвентар и средства за хигиена) се потрошени 12%, на одржување на објектите отпаѓаат 10% и на договорни услуги (финансиски, правни, здравствени и други услуги) уште 10% од средствата.




График бр.3

Важно е да се напомене дека основните училишта трошат значајни средства за информациско-комуникациските технологии и компјутерска опрема. Дел од средствата се од од блок дотацијата, а дел од средствата се од нивните самофинансирачки сметки (График бр.4). Во 2014 година се потрошени вкупно  552.589 денари во 2015 година 343.949 денари и во 2016 година 515.000 денари.




| | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|
| Блок дотација | 345.314,00 | 293.940,00 | 215.000,00 |
| самофинансирачка сметка | 207.275,00 | 50.009,00 | 300.000,00 |

График бр. 4

Основните училишта издвојуваат многу малку средства за наставни нагледни средства и манипулативи и професионален развој на наставниот кадар. Во 2014 потрошени се вкупно 173.889 денари, во 2015 издвоени се 166.673 денари, а за 2016 се планирани во буџетот се само 145.000. Нагледните средства спаѓаат во делот на

матерјални трошоци и ситен инвентар

На график бр.5  и график бр.6 се дадени финансиски средствата во денари кои ги потрошиле училиштата поединечно во 2014 и 2015 и колку се планирани во буџетот за 2016 година за наставни нагледни средства и  професионален развој на наставниот кадар соодветно.




График бр.5

За професионален развој на наставниот кадар од буџетот за 2016 година се одвоени само 135,000 денари за сите основни училишта.




График бр.6

# 5 Анализа на состојба во основното образование во Општина Ѓорче Петров

Во ова поглавје се дадени наодите од спроведената SWOT анализа, резултатите од анкетирањето.

Наоди од спроведената SWOT  анализа во основните училишта во општина „Ѓорче Петров“

**Силни страни:**

- Уечество на проекти и иницирање на интерни проекти;
- Отвореност за соработка;
- Стимулативна средина за учење;
- Квалитетна настава;
- Соработка со родителите;
- Можност за организиран превоз на учениците;
- Успешна реализација на воннаставни активности;
- Инкузија на ученици со попреченост и ученици од социјално загрозените семејства;
- Релативна ниска стапка на насилство меѓу учениците;
- Максимална ангажираност на наставниците и сите вработени;
- Стручно обучен кадар;
- Учество и организација на хуманитарни акции;
- Соработка со лоакалната самоуправа и други институции, како и невладини организации;
- Меѓуетничка толеранција;

**Слаби страни:**

- Азбестни покриви на повеќето од училишта;
- Недостаток од просторни услови во дел од училштата;
- Немање на спортска сала, или неможност оптимално да се користи постојната (во дел од училиштата);
- Арихитектонски бариери за пристап на лицата со попреченост;
- Безбедност:  опасност од автопатот (обиколница) поради оштетена заштитна ограда , оштететна училишна ограда, безбедносни излези, видео надзор на целиот простор на училиштето, проблем со оџаците итн;
- Меѓународна соработка – вклучување во меѓународни проекти;
- Средства за котизација за натрпевари и професионален развој;
- Потреба од надополнување на нагледност;
- Дотраеност на информатичката опрема и лоша интернет врска;
- Немање на целодневна настава во дел од училиштата;
- Нема социјален работник, дефектолог;
- Обезбедување на обејкти и ученици во текот на наставата;
- Голем број ученици од еднородителски семејства;
- Опремување на мултимедијална просторија;

- Оформување на читални;
- Нагледни средства и ресурси;
- Голем број на неоправдани изостаноци на учениците;
- Енергетска  ефикасност на објектите;
- Екипирање на стручната служба;

**Можности:**

- Постоење на простор во кој може да се изградат или прошират постојните капацитети;
- Организирање на хепенинзи и други манифестации;
- Барање на спонзорство;
- Лобирање;
- Изработка на издржан финасиски план;
- Јавно приватно партнерство;
- Во соработка со институтите за дефектологија, социјална работа и психологија да се обезбеди волонтерска работа во училиштето;
- Аплицирање во соработка со Општината на проекти со кои се финансираат инфраструктурни проекти;
- Мотивирање и активирање на бизнис заедницата на општината;
- Одделување на повеќе финансиски средства од буџетот на Општината наменети за нагледни средства;
- Дополнителна обука за аплицирање на проекти (ангажирање на лица за изработка на проекти);
- Тим билдинг (мотивација - одржување);
- Организирање (учество) на семинари;

**Закани:**

- Нема финасии за реализаиција на инфраструктирни проекти;
- Распределба на средствата од страна на основачот;
- Не мотивираност на студентите да волонтираат далеку од центарот;
- Намалување на бројот на ученици, врз основа на намален прираст и миграција на населението;
- Административни бариери при обезбедување на спонзорство и јавно приватно пратнерство;
- Немање интерес за спонзорство или јавно – приватно партнерство од страна на бизнис секторот;
- Прашања кои не се во надлежност на Општината и не е извесно дали во таа сфера ќе се преземат мерки( и покрај тоа што  Општината  би одлучила да покрене иницијатива);
- Укинување на дневниот престој;
- Ненавремена изградба на инфраструктурните објекти;
- Ненаменски искористени средства;
- Транспарентност (нетрансапрентност во работењето на училиштето);
- Законски – административни бариери за нови вработувања (финансирање на дефектолог, социјален работник, како и доекипирање на стручните служби);

- Мотивираност на наставниот кадар (одржување на мотивираноста);
- Малиот број на ученици во моментот;

***Резултати од спроведената анкета***

Истражувањето покажа дека просторните услови во кои се одвива воспитно образовниот процес треба да се подобрат. Училишните згради се одржуваат редовно и покрај тоа што се евидентирани извесни потешкотии. Во две училишта се евидентирани проблеми со фискултурните сали. Постои потреба за подобрување на уредувањето на училишните дворови. Уреденоста на училниците е релативно добра, а истото важи и за греењато во училиштето како и за функционалноста на кровната конструкција (која во повеќето училшта е од азбесни плочи и треба да се промени). Во поглед на одржувањето на тоалетите потребни се подобрувања.

Во поглед на безбедноста на учениците (да не бидат нападнати од страна на лице надвор од училиштето) постои извесна загриженост кај наставниците и родителите, додека кај учениците нивото на оваа загриженост е пониско. Регистрирана е и загриженост за заканите по безбедноста на учениците кои доаѓаат од сообраќајот што се одвива на улиците во близина на училиштата. Констатирани се проблеми со физичките конфликти помеѓу учениците при што родителите изразуваат поголема загриженост по ова прашање во однос на наставниците.

Потребата од спортски реквизити е присутна во речиси сите училишта. Потребно е обновување на компјутерската опрема и подобрување на интернетот. Библиотеките во училиштата се релативно снабдени освен во едно училште. Општо земено постои потреба од подобрување на состојбата со нагледни средства, како и подобрувања во набавката и чувањето на училишниот инвентар.

Наставата се реализира според современи методи и наставниците внимаваат на односот кон учениците. Најмногу од наставниците посочиле дека делумно постојат услови за примена на ИКТ во наставата. Наставниците наставата ја реализираат на јасен и разбирлив начин за учениците. За време на наставата се користат расположливите нагледни средства.

Во училиштата што се посочени дека нема добри просторно-технички услови нема ни потребни услови за воннаставни акитвности. Според наставниците, спортските, културно-уметничките, еколошките и хуманитарните активности се сметани како поприоритетни од здравствените и мултиетничките. Учениците ги претпочитаат спортските, уметничките и воннаставните активности од областа на информатиката. Според важноста за родителите најприоритетни се спортските секции, секциите од странски јазици, математичката и информатичката секција.
Учениците во најголем дел се задоволни од организираните екскурзии, додека родителите изразиле поголемо ниво на скептичност во поглед на ексурзиите. Како особено важни се оценети проектите за превенција од зависности, екологија и спорт.

Сите  училишта ги прифаќаат учениците со попреченост, но потребни се подобрувања во делот на прилагодувањето на наставните содржини кон нивните можности.

Наставниците посочиле дека е потребно да се вработат дефектолог и социјален работник во училиштата, а таму каде што стручната служба не е комплетна да се доекипира.  Односите помеѓу наставниците се коректни, а најголемиот дел од наставницте ја доживуваат нивната работа како стресна. Наставниците сметаат дека најмногу им се потребни обуки за работа со учениците кои имаат проблеми со однесувањето, обуки за современите наставни методи и техники, како и обуки за работа со учениците со попреченост.

Постои соработка помеѓу родителите и наставниците, како и соработака со Општина „Ѓорче Петров“. Соработката со институциите релевантни за основното образование е релативно добра, но кај некои училишта е констатирана потреба за извесни унапредувања.

Наставниците сметаат дека продолжениот престој добро фукционира.

Мал дел од учениците добиваат храна во училиштата. Поголемиот дел од оние ученици кои добиваат храна во училиштата се задоволни, а помал е делот на ученици кои делумно се задоволни од квалитетот и количината на добиената храна. Родителите покритички гледаат на квалитетот и количината на храната, и се скептични во поглед на тоа дали храната може да се вброи во категоријата здрава храна.
Организиран автобуски превоз за учениците има во две основни училишта, и добро фукционира.

# 6 Стратегија за образованието во општина Ѓорче Петров

## 6.1. Мисија

Воспитно- образовниот процес во општинските основни училишта промовира трајни и применливи знаења, личен развој, истражувачки дух креативност и способности.

## 6.2. Визија

Отворени, иновативни и модерни училишта по мерка на детето со истражувачка и креативна настава каде со задоволство соработуваат учениците, наставниците и родителите. Училиште кое ги привлекува учениците, ги почитува родителите и нуди еднакви можности за сите.

## 6.3. Подрачја на промени

1. Училишна инфраструктура и безбедност во училиштата;
2. Опременост на училиштата;
3. Настава, воннаставни активности, екскурзии;
4. Инклузија на учениците со попреченост;
5. Човечки ресурси;
6. Соработка со  родителите, локалната самоуправа и релевантни образовни институции, бизнис сектор и НВО;
7. Продолжен престој и исхрана на учениците;

# 7 Стратегии, стратешки цели и рокови

**Стратешка цел 1. Подобрување на училишната инфраструктура и училишните објекти**

- Градежни зафати во училиштата од општ карактер
- Проширување на просторните услови за изведување на наставни и вонннаставни активности
- Одржување на објектите

**Стратешка цел 2. Осовременување на училишта и креирање на стимулативна средината за учење**

- Набавка на наставни нагледни средства и манипулативи, современа ИКТ технологија, спортски реквизити
- Опремување на кабинетите
- Подобрување на библиотечниот фонд

**Стратешка цел 3. Подигнување на квалитетот на наставниот кадар**

- Вработување на стручен кадар неопходен за успешно фукнционирање на училиштето
- Обуки за професионално усовршување на наставниот кадар и стручните служби
- Намалување на стресот на работното место кај вработените во училштата, јакнење на соработката меѓу вработените

**Стратешка цел 4. Унапредување на наставниот процес во ннаставните и слободните активности**

- Континуирано следење на наставните планови и програми и современиот начин на настава
- Унапредување на настава кај специфични групи на ученици
- Реализација на воннаставни активности и екскурзии

**Стратешка цел 5. Промовирање на интегрираните образовни програми во училиштата**

- Инклузија на на децата со специјални образовани потреби
- Интеграција на еколошка едукација
- Мултиетничка интеграција во образованието,

**Стратешка цел 6.Унапредување на условите за продолжен престој и исхрана на учениците**

- Организирање на здрава исхрана во училиштата
- Организирање на простор за продолжениот престој

**Стратешка цел 7. Подобрување на безбедноста во училиштата**

- Воспоставување на безбедносен систем во  училиштата
- Воспоставување на безбедни сообраќајни решенија
- Проактивен пристап  во подобрувањето на безбедноста во училиштата

**Стратешка цел 8. Унапредување на соработката  на училиштата со со  родителите, локалната самоуправа и релевантни образовни институции, бизнис сектор и НВО;**

- Унапредување на соработката со локалната самоуправа
- Соработка со бизнис секторот НВО и други институции
- Подобрување на соработката со родителите

**Стратешка цел 9. Промовирање на училиштата**

- Провирање преку електронските и печатените медиуми
- Промовирање на успесите на учениците
- Организирање на едукативни, културно-забавни манифестации и спортски натпревари

| | |
|---|---|
| **Број 08-3085/8** | **Совет на Општина Ѓорче Петров** |
| **Од 19.10.2016 година** | **Претседател,** |
| **Скопје** | **Гоце Петрески с.р.** |

**АКЦИСКИ ПЛАН**

**Стратешка цел 1. Подобрување на училишната инфраструктура и училишните објекти**

| Оперативна цел | Активности | Рок | Одговорно лице |
|---|---|---|---|
| Градежни зафати во училиштата од општ карактер | Промена на азбестните покриви | 2019 | Сектор за урбанизам Основни училишта |
| | Оградување на училишните дворови и нивно уредување | 2017-2019 | |
| | Изградаба на санитарни јазли за учениците од прво одделение во новиот дел на ООУ„Страшо Пинџур“ | 2020 | |
| | Изградба на енергетски ефикасни фасади, подобрвање на излоацијата и инвестирање во сончеви колекторти. | 2017-2020 | |
| | Изградба на пристапни приоди за учениците со попреченост до сите простории во училиштата. | 2017-2020 | |
| | Изградба на кујна и тарпезарија за исхрана на учениците во ООУ„Јоаким Крчоски“, ООУ„Страшо Пинџур“, ООУ “Тихомир Милошевски“ и ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“ | 2017-2020 | |
| Проширување на просторните услови за изведување на наставни и воннаставни активности | Проширување на постојните капацитети во ООУ„Јоаким Крчоски“ и ООУ „Тихомир Милошевски“ | 2017-2020 | Сектор за урбанизам Основни училишта |
| | Проширување на постојните капацитети во ООУ„Јоаким Крчоски“ и ООУ „Тихомир Милошевски“ | 2017-2020 | |
| | Изградба на нова училишна спортска сала во ООУ „Јоаким Крчоски“ | 2017-2020 | |
| Одржување на објектите | Реновирање на спортската салата што ја користи ООУ „Тихомир Милошевски“ и реновирање на спортската | 2017-2020 | Сектор за урбанизам |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | сала во ООУ„Димитар Поп Георгиев Беровски“ | | Основни училишта |
| | Редовно реновирање на училниците | 2017-2020 | |
| | Одржување на санитарните јазли | 2017-2020 | |
| | Реновирање на електирчната инсталација, преадаптација на котелот за парно греење на течно гориво и поправање на оџакот во ООУ „Тихомир Милошевски“ | 2018 | |
| | Реановирање на водоводната инсталација во ООУ„Ѓорче Петров“ | 2019 | |

**Стратешка цел 2. Осовременување на училишта и креирање на стимулативна срединaта за учење**

| Оперативна цел | Активности | Рок | Одговорно лице |
|---|---|---|---|
| Набавка на наставни нагледни средства и манипулативи, современа ИКТ технологија, спортски реквизити | Обновување на ИКТ опремата (набавка ЛЦД проектори, електонски табли, принтери и друга компјутерска опрема) и Набавка на нагледни средства и манипулативи за наставниот процес; | 2017-2020 | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Набавка на наставни нагледни средства и манипулативи, | 2017-2020 | |
| | Опремување со спортски реквизити на спортските сали | 2017-2020 | |
| Опремување на кабинетите | Воведување на кабинетска настава во сите основни училишта | 2017 | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Опремување на кабинетите со соодветна опрема | 2017-2019 | |
| Подобрување на библиотечниот фонд | Подобрување на финкционирањето на училишната библиотеката пред се во ООУ„Јоаким Крчоски“, а потоа и во ООУ„Димитар Поп Георгиев Беровски“ и ООУ „Тихомир Милошевски“ | 2017-2019 | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Годишна набавка на книги | 2017-2020 | |

**Стратешка цел 3. Подигнување на квалитетот на наставниот кадар**

| Оперативна цел | Активности | Рок | Одговорно лице |
|---|---|---|---|
| Вработување на стручен кадар неопходен за успешно фукнционирање на училиштето | Комплетирање на стручните служби во училиштата со: педагог,  писхолог, дефектолог, социјален работник, како и вработување на мобилен логопед на ниво на општина. | 2019 | Одделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Вработување на технички персонал во ООУ „Тихомир Милошевски“ | 2019 | |
| Намалување на стресот на работното место кај вработените во училштата, јакнење на соработката меѓу вработените | Тим-билдинг активности | | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Организирање на настани кои би биле насочени кон дружење на вработените и намалување на стресот | 2017-2020 | |
| Обуки за професионално усовршување на наставниот кадар и стручните служби | Спроведување на дисеминации од посетуваните обуки | континуирано | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Обуки на наставниците за работа со ученици кои имаат проблеми со однесувањето | континуирано | |
| | Обуки на наставниците за: современите наставни методи и техники, за работа со учениците со попреченост како и организација на работилници/средби на општинско ниво за размена на идеи и искуства  на  стручни соработници, стручни активи и наставници ; | континуирано | |

**Стратешка цел 4.  Унапредување на наставниот процес воннаставните и слободните  активности**

| Оперативна цел | Активности | Рок | Одговорно лице |
|---|---|---|---|
| Континуирано следење на наставните планови и програми и современиот начин на настава | Комуникација со БРО | континуирано | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Редовни состаноци на стручните активи | континуирано | |
| | Размена на искуства со други училишта | континуирано | |
| Унапредување  на настава кај специфични групи на ученици | Заголемување работа со талентираните ученици | континуирано | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Прилагодување на реализацијата на наставата согласно спецификите на учениците кои доаѓаат од социјално загрозените и маргинализираните групи | континуирано | |
| | Справување со неоправданите изостаноци на учениците во ООУ„ Страшо Пинџур“ | континуирано | |
| Реализација на воннаставни активности и екскурзии | Следење на воннаставни активности и екскурзиите | континуирано | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Следење на работата на училишните секции | континуирано | |

**Стратешка цел 5. Промовирање на интегрираните образовни програми во учичиштата**

| Оперативна цел | Активности | Рок | Одговорно лице |
|---|---|---|---|
| Реализација на спортски | Вклучување на учениците од одделенската настава во | континуирано | Оделение за јавни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| образовни програми | спортски и други активности; | | дејности<br>Основни училишта |
| | Поддршка на училишните спортски клубови | континуирано | |
| Реализација на еколошки образовни програми | Реализација на еколошки проекти и акции. | континуирано | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Соработка со невладини организации | континуирано | |
| Реализација на мултиетинички образовни програми | Реализирање на активности за унапредување на меѓуетничкиот соживот (особено во ООУ„Јоаким Крчовски“) | континуирано | |
| Инклузија на на децата со специјални образовани потреби | Прилагодување на наставата за учениците со попреченост | континуирано | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Целосно опремување на училиштата со асистивни уреди и дидактички материјали и помагала за учениците со попреченост; | 2017-2020 | |
| | Поддршка за наставниците што работат со ученици со попреченост | континуирано | |
| | Едукативни работилници за родители на деца со посебни потреби | континуирано | |

**Стратешка цел 6. Унапредување на условите за продолжен престој и исхрана на учениците**

| Оперативна цел | Активности | Рок | Одговорно лице |
|---|---|---|---|
| Организирање на услови за продолжениот престој | Создавање услови (обезбедување на буџет) за понудување на продолжен престој кај учениците во V одделение | 2019 | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Создавање просторни услови за одвивање на | 2019 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | продолжениот престој (опфатни со проектите од оперативна цел 1.2) | | |
| Организирање на здрава исхрана во училиштата | Обезбедување на неопходните  просторни услови содржани во проектите карактерисични за стартегиската цел 1.1.7 | 2018 | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Подготовка на храна која влегува во категоријата на „Здрава храна“ | 2017 | |
| | Високо ниво на хигиено-техничките услови во кои се подговува храната | | |

**Стратешка цел 7. Подобрување на безбедноста во училиштата**

| Оперативна цел | Активности | Рок | Одговорно лице |
|---|---|---|---|
| Воспоставување на безбедносен систем во училиштата | Видео надзор во задниот дел од ООУ „Ѓорче Петров“ | 2019 | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Изведба на безбедносни излези и подорувањето на осветлувањето во училиштето и дворот во ООУ „Мирче Ацев“ | 2018 | |
| | Физичко обезбедување за време на наставата | 2019 | |
| Воспоставување на безбедни сообраќајни решенија | Сообраќајно решение на влезот на училиштата и околните улици, како и соодветна сигнализација на улиците во близина на ООУ „Мирче Ацев“, ООУ „Ѓорче Петров“  ООУ „Страшо Пинџур“ и ООУ „Тихомир Милошевски“ | 2020 | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Покренување на иницијатива за обезбедување на автопатот (обиколницата) во близина на ООУ | 2018 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | „Јоаким Крчоски“ | | |
| Проактивен пристап во подобрувањето на безбедноста во училиштата | Вклучување на тимови од училиштата во локалниот совет за безбедност; | 2017 | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Изработка на процедури за безбедност во училиштата (пр. Повреди на ученици и наставници); | 2018 | |
| | Предавања во училиштата за намалување на девијантното однесување; | 2019 | |

**Стратешка цел 8. Унапредување на соработката на училиштата со со родителите, локалната самоуправа и релевантни образовни институции, бизнис сектор и НВО;**

| Оперативна цел | Активности | Рок | Одговорно лице |
|---|---|---|---|
| Унапредување на соработката со локалната самоуправа | Поголемо учество на Општината во склоп на јавните набавки поврзани со основното образование(формирање на одделение – тим); | 2017 | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Договор помеѓу локалната самоуправа и ООУ„Димитар Поп Георгиев Беровски“ за начинот на користење на спортската сала „Христо Банаџиев“ | 2017 | |
| Подобрување на соработката со родителите | Поголема вклученост на родители во активностите на училиштата; | континуирано | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Работилници со родителите на учениците со попреченост | континуирано | |
| Соработка со бизнис секторот и НВО и други институции | Обезбедување на поддшка од бизнис секторот преку спонзорства и донации во рамките на неговата | континуирано | Оделение за јавни дејности |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | социјална одговорност | | Основни училишта |
| | Реализирање на прокети преку можноста за јавно приватно партнерство | континуирано | |
| | Изградба на мрежа на лица со кои училиштето може да стапи во контакт со НВО и други институции и да се добие донации/помош.<br>Во соработка со високо-образовните институции да се обезбеди волонтирање на нивните студенти во училиштата | континуирано | |
| | Вклучување на училиштата во меѓународни проекти | континуирано | |

**Стратешка цел 9. Промовирање на училиштата**

| Оперативна цел | Активности | Рок | Одговорно лице |
|---|---|---|---|
| Провирање преку електронските и печатените медиуми | Изработка на функционални веб страни и нивно редовно ажурирање | 2017 | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Претставување преку социјалните мрежи | 2017 | |
| | Презентација преку гостување на радио и тв-емисии | континуирано | |
| | Соработка со печатените медиуми | континуирано | |
| Организирање на едукативни, културно-забавни манифестации и спортски натпревари | Детска ликовна колонија, Априлијада, литературно читање | еднаш годишно | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Реазлизација на хуманитарни активности | континуирано | |
| | Одржување на општински натпревари, квизови, натпревари и сл.; | континуирано | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Организирање на спортски лиги | континуирано | |
| Промовирање на успесите на учениците | Доделување на награди и признанија | еднаш годишно | Оделение за јавни дејности<br>Основни училишта |
| | Финансиска, матерјална и техничка поддршка на учениците за учество во натпревари | континуирано | |

# 8 Прилози

8.1. Прилог 1. Демографска структура и миграции во Општина „Ѓорче Петров“

8.2. Прилог 2. Преглед на запишани ученици

8.3. Прилог 3. Образование на родителите

8.4. Прилог 4. Резултати од спроведената анкета кај наставниците на ниво на сите училишта

8.5. Прилог 5. Резултати од спроведената анкета кај наставниците според училишта

8.6. Прилог 6. Резултати од спроведената анкета кај учениците на ниво на сите училишта

8.7. Прилог 7. Резултати од спроведената анкета кај учениците според училишта

8.8. Прилог 8. Резултати од спроведената анкета кај родителите на ниво на сите училишта

8.9. Прилог 9. Прашалник за наставниците

8.10. Прилог 10. Прашалник за учениците

8.11. Прилог 11. Прашалник за родитлите

Прилог 1.

Демографска структура и миграции во Општина „Ѓорче Петров“

Табела 1. Население според пол

| | Попис во 2002 | Проценка за 2014 |
|---|---|---|
| Мажи | 20 677 | 20 658 |
| Жени | 20 957 | 21 577 |
| Вкупно | 41 634 | 42 235 |

Табела 2. Население според етничка припадност

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Македонци | 35455 | 85,16 |
| Албанци | 1597 | 3,84 |
| Турци | 368 | 0,88 |
| Роми | 1249 | 3,00 |
| Власи | 109 | 0,26 |
| Срби | 1730 | 4,16 |
| Бошњаци | 489 | 1,17 |
| Останати | 637 | 1,53 |
| Вкупно | 41634 | 100,00 |

Табела 3. Население според возраста

| | Попис 2002 | | | Проценка за 2014 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Сè** | **Мажи** | **Жени** | **Сè** | **Мажи** | **Жени** |
| 0-4 | 2248 | 1137 | 1111 | 2167 | 1113 | 1054 |
| 5-9 | 2484 | 1262 | 1222 | 2103 | 1070 | 1033 |
| 10-14 | 2869 | 1435 | 1434 | 2148 | 1089 | 1059 |
| 15-19 | 3189 | 1685 | 1504 | 2311 | 1154 | 1157 |
| 20-24 | 3109 | 1558 | 1551 | 2651 | 1349 | 1302 |
| 25-29 | 3213 | 1569 | 1644 | 3158 | 1601 | 1557 |
| 30-34 | 3075 | 1571 | 1504 | 3268 | 1606 | 1662 |
| 35-39 | 2956 | 1428 | 1528 | 3244 | 1576 | 1668 |
| 40-44 | 3192 | 1579 | 1613 | 3090 | 1548 | 1542 |
| 45-49 | 3410 | 1757 | 1653 | 2903 | 1403 | 1500 |
| 50-54 | 3207 | 1577 | 1630 | 2920 | 1416 | 1504 |
| 55-59 | 2389 | 1202 | 1187 | 3122 | 1532 | 1590 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 60-64 | 2096 | 1047 | 1049 | 2998 | 1438 | 1560 |
| 65-69 | 1724 | 812 | 912 | 2285 | 1069 | 1216 |
| 70-74 | 1194 | 527 | 667 | 1683 | 775 | 908 |
| 75-79 | 738 | 320 | 418 | 1234 | 564 | 670 |
| 80-84 | 357 | 140 | 217 | 637 | 254 | 383 |
| 85+ | 165 | 62 | 103 | 305 | 97 | 208 |
| Непозната возраст | 19 | 9 | 10 | 8 | 4 | 4 |
| Вкупно | 41634 | 20677 | 20957 | 42235 | 20658 | 21577 |

Табела 4. Население на возраст од 15 и повеќе години според нивото на образование

| | Број на лица | Процент |
|---|---|---|
| Без училиште | 587 | 1,72 |
| Оновно некомплетирано | 2264 | 6,65 |
| Основно | 7435 | 21,85 |
| Средно | 19461 | 57,18 |
| Виша школа | 1231 | 3,62 |
| Факултет | 2911 | 8,55 |
| Магистратура | 67 | 0,20 |
| Докторат | 50 | 0,15 |
| Сеуште се во процес на образование | 27 | 0,08 |
| Вкупно | 34033 | 100,00 |

Табела 5. Доселени лица според пол и возраст

| | | Пол | | Возраст | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Вкупно | Машки | Женски | 0-14 | 15-29 | 30-64 | 65 и повеќе |
| 2010 | 165 | 64 | 101 | 2 | 45 | 102 | 16 |
| 2011 | 178 | 57 | 121 | 0 | 60 | 101 | 17 |
| 2012 | 222 | 81 | 141 | 0 | 70 | 136 | 16 |
| 2013 | 205 | 71 | 134 | 0 | 65 | 124 | 16 |
| 2014 | 252 | 100 | 152 | 3 | 91 | 142 | 16 |
| Вкупно | 1022 | 373 | 649 | 5 | 331 | 605 | 81 |

Табела 6. Отселени лица според пол и возраст

| | | Пол | | Возраст | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Вкупно | Машки | Женски | 0-14 | 15-29 | 30-64 | 65 и повеќе |
| 2010 | 135 | 50 | 85 | 0 | 30 | 91 | 14 |
| 2011 | 89 | 33 | 56 | 1 | 25 | 54 | 9 |
| 2012 | 137 | 46 | 91 | 1 | 43 | 79 | 14 |
| 2013 | 120 | 41 | 79 | 0 | 33 | 77 | 10 |
| 2014 | 122 | 39 | 83 | 1 | 36 | 77 | 8 |
| Вкупно | 603 | 209 | 394 | 3 | 167 | 378 | 55 |

Табела 7. Доселување според етничката припадност

| Година | | Припадност кон етничка заедница | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | маке-донска | алба-нска | турска | ромска | влашка | српска | бошњачка | останати | непоз-нато |
| 2010 | 165 | 154 | 0 | 3 | 0 | 1 | 3 | 0 | 0 | 4 |
| 2011 | 178 | 161 | 1 | 1 | 6 | 2 | 4 | 2 | 1 | 0 |
| 2012 | 222 | 198 | 6 | 5 | 4 | 1 | 4 | 1 | 2 | 1 |
| 2013 | 205 | 198 | 0 | 0 | 1 | 0 | 5 | 1 | 0 | 0 |
| 2014 | 252 | 225 | 7 | 1 | 2 | 5 | 5 | 1 | 6 | 0 |
| Вкупно | 1022 | 936 | 14 | 10 | 13 | 9 | 21 | 5 | 9 | 5 |

Табела 8. Отселувања според етничка припадност

| Година | Вкупно | Припадност кон етничка заедница | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | маке-донска | албан-ска | турска | ромска | влашка | српска | бошњачка | останати | непоз-нато |
| 2010 | 135 | 123 | 4 | 1 | 2 | 0 | 1 | 3 | 0 | 1 |
| 2011 | 89 | 82 | 3 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| 2012 | 137 | 122 | 6 | 2 | 1 | 0 | 4 | 1 | 1 | 0 |
| 2013 | 120 | 115 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| 2014 | 122 | 111 | 5 | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 603 | 553 | 19 | 5 | 7 | 0 | 9 | 5 | 4 | 1 |

Табела 9. Доселувања според школската подготовка

| година | | Школска подготовка | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | без училиште | непотполно основно (1-4 и 5-7 одд. основно образование) | основно училиште | средно училиште | виша школа | висока школа | магистратура | докторат | непознато |
| 2010 | 165 | 2 | 5 | 7 | 92 | 5 | 48 | 2 | 0 | 4 |
| 2011 | 178 | 0 | 10 | 16 | 89 | 5 | 52 | 1 | 1 | 4 |
| 2012 | 222 | 1 | 3 | 14 | 97 | 7 | 86 | 9 | 0 | 5 |
| 2013 | 205 | 0 | 2 | 7 | 96 | 6 | 84 | 7 | 0 | 3 |
| 2014 | 252 | 2 | 2 | 12 | 126 | 11 | 87 | 9 | 1 | 2 |
| Вкупно | 1022 | 5 | 22 | 56 | 500 | 34 | 357 | 28 | 2 | 18 |

Табела 10. Отселувања според школската подготовка

| година | | Школска подготовка | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | без училиште | непотполно основно (1-4 и 5-7 одд. основно образование) | основно училиште | средно училиште | виша школа | висока школа | магистратура | докторат | непоз-нато |
| 2010 | 135 | 2 | 4 | 11 | 61 | 7 | 45 | 1 | 1 | 3 |
| 2011 | 89 | 1 | 4 | 12 | 34 | 4 | 30 | 2 | 1 | 1 |
| 2012 | 137 | 3 | 3 | 11 | 58 | 7 | 49 | 4 | 0 | 2 |
| 2013 | 120 | 0 | 3 | 7 | 55 | 3 | 44 | 5 | 1 | 2 |
| 2014 | 122 | 2 | 2 | 4 | 54 | 7 | 44 | 8 | 0 | 1 |
| Влупно | 603 | 8 | 16 | 45 | 262 | 28 | 212 | 20 | 3 | 9 |

Прилог 2.

Преглед на запишани ученици во учебните 2014/2015 и 2015/2016

Табела 1. Број на ученици во учебните 2014/2015 и 2015/2016 во основните училишта во општина Ѓорче Петров

| | | I - одд | II - одд | III - одд | IV - одд | V - одд | **Вкупно I - V одд** | VI - одд | | VII - одд | | VIII - одд | | IX - одд | | **Вкупно VI-IX одд** | | **Вкупно I-IX одд** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Учебна година | Училиште | Ученици | Ученици | Ученици | Ученици | Ученици | Ученици | Ученици | Повторувачи | Ученици | Повторувачи | Ученици | Повторувачи | Ученици | Повторувачи | Ученици | Повторувачи | Ученици | Повторувачи |
| 2014/2015 | ООУ„Ѓорче Петров“ | 41 | 50 | 40 | 30 | 36 | **197** | 29 | 0 | 26 | 0 | 22 | 0 | 21 | 0 | **98** | **0** | **294** | **0** |
| | ООУ„Јоаким Крчовски“ | 55 | 80 | 45 | 56 | 65 | **310** | 60 | 0 | 69 | 2 | 54 | 0 | 59 | 0 | **241** | **2** | **553** | **2** |
| | ООУ„Мирче Ацев“ | 67 | 77 | 111 | 103 | 96 | **454** | 82 | 0 | 95 | 0 | 68 | 0 | 104 | 0 | **349** | **0** | **803** | **0** |
| | ООУ „Страшо Пинџур“ | 65 | 78 | 74 | 79 | 65 | **361** | 97 | 7 | 55 | 2 | 70 | 0 | 66 | 0 | **288** | **9** | **649** | **9** |
| | ООУ „Тихомир Милошевски“ | 58 | 62 | 59 | 56 | 54 | **289** | 51 | 0 | 86 | 0 | 46 | 0 | 44 | 0 | **227** | **0** | **516** | **0** |
| | ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“ | 90 | 92 | 80 | 37 | 47 | **346** | 42 | 0 | 42 | 0 | 35 | 0 | 47 | 0 | **166** | **0** | **511** | **0** |
| 2015/2016 | ООУ„Ѓорче Петров“ | 40 | 35 | 48 | 36 | 27 | **186** | 37 | 0 | 28 | 0 | 24 | 0 | 21 | 0 | **110** | **0** | **296** | **0** |
| | ООУ„Јоаким Крчовски“ | 56 | 59 | 79 | 53 | 56 | **302** | 65 | 2 | 59 | 0 | 66 | 0 | 54 | 0 | **244** | **2** | **546** | **2** |
| | ООУ„Мирче Ацев“ | 89 | 66 | 77 | 108 | 101 | **441** | 97 | 0 | 82 | 0 | 96 | 0 | 67 | 0 | **342** | **0** | **783** | **0** |
| | ООУ „Страшо Пинџур“ | 73 | 59 | 70 | 73 | 78 | **353** | 66 | 2 | 87 | 0 | 44 | 1 | 67 | 0 | **264** | **3** | **617** | **3** |
| | ООУ „Тихомир Милошевски“ | 55 | 57 | 63 | 58 | 57 | **290** | 55 | 0 | 53 | 0 | 87 | 0 | 45 | 0 | **240** | **0** | **530** | **0** |
| | ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“ | 87 | 89 | 91 | 81 | 37 | **384** | 49 | 0 | 38 | 0 | 44 | 0 | 34 | 0 | **165** | **0** | **550** | **0** |

Табела 2. Број на паралелки во учебните 2014/2015 и 2015/2016 година во основните училишта во општина Ѓорче Петров

| | | I-одд | II-одд | III-одд | IV-одд | V-одд | **Вкупно I-V одд** | VI-одд | VII-одд | VIII-одд | IX-одд | **Вкупно VI-IX одд** | **Вкупно I-IX одд** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Учебна година | Училиште | Паралелки | Паралелки | Паралелки | Паралелки | Паралелки | Паралелки | Паралелки | Паралелки | Паралелки | Паралелки | Паралелки | Паралелки |
| 2014/2015 | ООУ„Ѓорче Петров“ | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | **9** | 2 | 2 | 1 | 1 | **6** | **15** |
| | ООУ„Јоаким Крчовски“ | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | **15** | 3 | 3 | 3 | 3 | **12** | **27** |
| | ООУ„Мирче Ацев“ | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | **18** | 3 | 4 | 3 | 4 | **14** | **32** |
| | ООУ „Страшо Пинџур“ | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | **15** | 4 | 2 | 4 | 4 | **14** | **29** |
| | ООУ „Тихомир Милошевски“ | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | **11** | 2 | 4 | 2 | 2 | **10** | **21** |
| | ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“ | 4 | 4 | 3 | 2 | 2 | **15** | 2 | 2 | 2 | 2 | **8** | **23** |
| 2015/2016 | ООУ„Ѓорче Петров“ | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | **9** | 2 | 2 | 2 | 1 | **7** | **16** |
| | ООУ„Јоаким Крчовски“ | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | **15** | 3 | 3 | 3 | 3 | **12** | **27** |
| | ООУ„Мирче Ацев“ | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 | **17** | 4 | 3 | 4 | 3 | **14** | **31** |
| | ООУ „Страшо Пинџур“ | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | **15** | 3 | 4 | 2 | 4 | **13** | **28** |
| | ООУ „Тихомир Милошевски“ | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | **11** | 2 | 2 | 4 | 2 | **10** | **21** |
| | ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“ | 3 | 4 | 4 | 3 | 2 | **16** | 2 | 2 | 2 | 2 | **8** | **24** |

Прилог 3.

Образование на родителите

Табела 1. Образование на родителите во ООУ„Мирче Ацев“

| Одд. | Татко | | | | Мајка | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ОО** | **СО** | **ВО** | **МР** | **ОО** | **СО** | **ВО** | **МР** |
| I | 5 | 56 | 28 | 1 | 5 | 43 | 39 | 3 |
| II | 2 | 47 | 16 | 2 | 2 | 37 | 26 | 2 |
| III | 2 | 56 | 16 | 3 | 2 | 42 | 30 | 3 |
| IV | 5 | 69 | 34 | 1 | 5 | 54 | 46 | 4 |
| V | 1 | 73 | 21 | 5 | 2 | 55 | 39 | 4 |
| VI | 2 | 54 | 35 | 5 | 2 | 44 | 42 | 8 |
| VII | 1 | 57 | 22 | / | 2 | 51 | 21 | 6 |
| VIII | / | 59 | 35 | 1 | 1 | 51 | 42 | 1 |
| IX | 1 | 50 | 12 | 4 | 2 | 43 | 17 | 5 |
| **Вкупно** | **19** | **521** | **219** | **22** | **23** | **420** | **302** | **36** |

**Легенда:**

ОО – Основно образоаванние

СО – Средно образование

ВО – Високо образование

МР – Магистарски студии

Табела 2. Образование на родителите во ООУ„Ѓорче Петров“

| Одд. | татко | | | | мајка | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ОО | СО | ВО | МР | ОО | СО | ВО | МР |
| I одд | 6 | 30 | 3 | 0 | 7 | 24 | 8 | 0 |
| II одд | 6 | 23 | 3 | 0 | 7 | 19 | 6 | 0 |
| III одд | 6 | 32 | 10 | 0 | 9 | 25 | 14 | 0 |
| IV одд | 8 | 28 | 0 | 0 | 12 | 18 | 6 | 0 |
| V одд | 2 | 23 | 1 | 0 | 6 | 15 | 5 | 0 |
| VI одд | 1 | 25 | 10 | 0 | 0 | 25 | 11 | 0 |
| VII одд | 1 | 19 | 7 | 0 | 2 | 23 | 2 | 0 |
| VIII одд | 2 | 17 | 4 | 0 | 3 | 16 | 4 | 0 |
| IX одд | 0 | 17 | 3 | 0 | 1 | 15 | 3 | 1 |
| Вкупно | 32 | 214 | 41 | 0 | 47 | 180 | 59 | 1 |

Табела 3. Образование на родителите во ООУ„Димитар Поп Георгиев Беровски“

| | татко | | | | мајка | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ОО | СО | ВО | МР | ОО | СО | ВО | МР |
| I одд | 0 | 58 | 28 | 2 | 3 | 41 | 39 | 3 |
| II одд | 0 | 70 | 19 | 0 | 0 | 52 | 38 | 0 |
| III одд | 1 | 44 | 45 | 0 | 0 | 69 | 20 | 2 |
| IV одд | 1 | 66 | 12 | 1 | 1 | 54 | 23 | 2 |
| V одд | 0 | 28 | 9 | 0 | 0 | 20 | 15 | 0 |
| VI одд | 0 | 20 | 26 | 0 | 0 | 26 | 19 | 1 |
| VII одд | 0 | 25 | 14 | 0 | 1 | 19 | 20 | 0 |
| VIII одд | 0 | 24 | 16 | 3 | 1 | 24 | 16 | 3 |
| IX одд | 0 | 26 | 9 | 0 | 4 | 22 | 8 | 1 |
| Вкупно | 2 | 361 | 178 | 6 | 10 | 328 | 198 | 12 |

Табела 4. Образование на родителите во ООУ„Страшо Пинџур“

| | татко | | | | мајка | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ОО | СО | ВО | МР | ОО | СО | ВО | МР |
| I одд | 13 | 38 | 9 | 0 | 12 | 40 | 18 | 0 |
| II одд | 15 | 33 | 7 | 1 | 12 | 37 | 6 | 1 |
| III одд | 21 | 34 | 15 | 2 | 18 | 33 | 18 | 3 |
| IV одд | 14 | 38 | 19 | 0 | 15 | 36 | 21 | 0 |
| V одд | 16 | 37 | 19 | 2 | 16 | 40 | 15 | 3 |
| VI одд | 13 | 36 | 14 | 0 | 10 | 33 | 17 | 0 |
| VII одд | 19 | 50 | 11 | 0 | 21 | 49 | 7 | 1 |
| VIII одд | 2 | 35 | 7 | 0 | 3 | 30 | 10 | 1 |
| IX одд | 17 | 45 | 7 | 0 | 17 | 37 | 12 | 0 |
| Вкупно | 130 | 346 | 89 | 5 | 124 | 335 | 124 | 9 |

Табела 5. Образование на родителите во ООУ„Тихомир Милошевски“

| | татко | | | | мајка | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ОО | СО | ВО | МР | ОО | СО | ВО | МР |
| I одд | 2 | 48 | 5 | 0 | 2 | 43 | 10 | 0 |
| II одд | 0 | 51 | 4 | 1 | 0 | 45 | 11 | 0 |
| III одд | 0 | 57 | 7 | 0 | 0 | 53 | 10 | 1 |
| IV одд | 2 | 53 | 3 | 0 | 2 | 40 | 15 | 1 |
| V одд | 2 | 49 | 6 | 0 | 1 | 45 | 11 | 0 |
| VI одд | 0 | 48 | 7 | 1 | 0 | 50 | 6 | 0 |
| VII одд | 0 | 26 | 5 | 0 | 0 | 41 | 10 | 0 |
| VIII одд | 0 | 71 | 14 | 1 | 0 | 65 | 21 | 0 |
| IX одд | 0 | 42 | 3 | 0 | 0 | 38 | 7 | 0 |
| Вкупно | 6 | 465 | 54 | 3 | 5 | 420 | 101 | 2 |

Табела 6. Образование на родителите во ООУ„Јоаким Крчоски“ - Волково

| | татко | | | | мајка | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ОО** | **СО** | **ВО** | **МР** | **ОО** | **СО** | **ВО** | **МР** |
| I одд | 3 | 25 | 5 | 1 | 6 | 14 | 14 | 0 |
| II одд | 4 | 35 | 3 | 1 | 1 | 37 | 5 | 0 |
| III одд | 3 | 47 | 5 | 0 | 4 | 42 | 9 | 0 |
| IV одд | 7 | 28 | 3 | 0 | 8 | 19 | 11 | 0 |
| V одд | 2 | 34 | 2 | 0 | 2 | 27 | 9 | 0 |
| VI одд | 3 | 37 | 7 | 0 | 2 | 39 | 6 | 0 |
| VII одд | 4 | 40 | 2 | 0 | 3 | 40 | 3 | 0 |
| VIII одд | 1 | 47 | 1 | 0 | 2 | 44 | 3 | 0 |
| IX одд | 4 | 28 | 4 | 0 | 7 | 25 | 4 | 0 |
| **Вкупно** | **31** | **321** | **32** | **2** | **35** | **287** | **64** | 0 |

**НАПОМЕНА: Во III и во VI одделение има по двајца родители без образование (по еден татко и една мајка)**

Табела 7. Образование на родителите во ООУ„Јоаким Крчоски“ - Никиштани

| | татко | | | | мајка | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ОО** | **СО** | **ВО** | **МР** | **ОО** | **СО** | **ВО** | **МР** |
| I одд | 11 | 8 | 1 | 0 | 13 | 7 | 0 | 0 |
| II одд | 4 | 12 | 0 | 0 | 16 | 0 | 0 | 0 |
| III одд | 1 | 19 | 2 | 0 | 19 | 3 | 0 | 0 |
| IV одд | 1 | 14 | 0 | 0 | 14 | 1 | 0 | 0 |
| V одд | 10 | 7 | 0 | 0 | 13 | 4 | 0 | 0 |
| VI одд | 1 | 14 | 3 | 0 | 13 | 5 | 0 | 0 |
| VII одд | 6 | 6 | 0 | 0 | 11 | 1 | 0 | 0 |
| VIII одд | 9 | 6 | 0 | 0 | 13 | 2 | 0 | 0 |
| IX одд | 9 | 9 | 0 | 0 | 16 | 2 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **52** | **95** | **6** | **0** | **128** | **25** | **0** | **0** |

Прилог 4

## РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА КАЈ НАСТАВНИЦИТЕ НА НИВО НА СИТЕ УЧИЛИШТА




Делот на наставниците кои сметаат дека училишните згради ги задоволуваат просторно техничките услови е речиси ист како и оној дел во кој наставниците сметаат дека делумно се задоволени наведените услови. Наставниците изразуваат поголемо или помало несогласување со техничките и просторните услови во кои работат.




Најголемиот дел од наставниците сметаат дека училишните згради редовно се одржуваат.




Иако најголемиот дел од наставниците сметаат дека спортските сали во училиштата ги задоволуваат просторно-техничките услови за изведување на наставата, сепак четвртина од испитаниците рекле дека вакви услови во нивните училишта нема. Тие заедно со наставниците кои мислат дека делумно се задоволени просторно-техничките услови во спортските сали чинат повеќе од половината од испитаниците.




Само една петтина од наставниците сметаат дека спортските сали се опремени со неопходните реквизити. Најмногу од наставниците сметаат дека спортските сали делумно се опремени со спортски реквизити.




Се чини дека според наставниците во училишата просторот за воннаставни активности е недоволен или делумно доволен, а само кај 37,5% од испитаниците има доволно просторни услови за воннаставни активности.




Половина од наставниците делумно се согласуваат дека училишните дворови се убаво уредени.




Процентот на наставници кои сметаат дека учениците во училиштата се безбедни е само малку поголем од оние кои сметаат дека делумно учениците се безбедни во училиштата. Тие заедно со наставниците кои сметаат дека учениците не се безбедни чинат повеќе од половина.




Најголемиот дел од наставниците делумно се согласуваат со тврдењето дека безбедноста на учениците е загрозена од сообраќајот на околните сообраќајници. Тие заедно со оние кои целосно се согласуваат за постоењето на наведената опасност чинат 89,5% од испитаниците. Поинаку кажано само 10,6% од наставниците сметаат дека возилата од околните улици на училиштето не ги загрозуваат учениците.




Наставниците во најголем дел внимаваат на речникот и начинот со кои им се обраќаат на учениците.




Околу половината до наставниците делумно се согласуваат дека во училиштата нема физички конфликти помеѓу учениците.




Најголемиот дел од наставниците делумно се согласуваат дека инветарот во училиштата е добро сочуван и дека иститот се обновува.




Во поглед на можноста на учениците да користат компјутер и интернет во училиштето најголемиот дел од испитаниците сметаат дека делумно постои ваква можност, а само 30,8% целосно се согласуваат со наведеното тврдење.




Една петтина од испитаниците сметаат дека библиотеките во училиштата немаат доволен број на книги, додека најголемиот дел од наставниците делумно се согласуваат со тврдењето дека во училишните библиотеки има доволен број книги.




Најголемиот дел од наставниците сметаат дека наставата ја реализираат според современи методи.




Само една петтина до наставниците сметаат дека имаат услови да применат ИКТ во наставата. Една четвртина рекле дека немаат услови за примана на ИКТ во наставата, а најголемиот дел од наставниците посочиле дека делумно имаат услови за примана на ИКТ во наставата.




Наставниците кои имаат доволно нагледни средстава, и оние кои немаат е речиси ист. Мнозинството од наставниците сметаат дека имааат недоволно нагледни средства (делумно се согласуваат со тврдењето дека имаат доволно нагледни средства).




Просторот наменет исклучиво за вонnаставните активности најверојатно е делумно доволен. Малку повеќе од една петтина од наставниците сметаат дека немаат никакви просторни услови за вонnаставни активности.




Најголемиот дел од наставниците сметаат дека училиштата ги прифаќаат учениците со ппреченост.




Само 19,2% од наставниците немаат проблеми со прилагодувањето на наставата кон учениците со попреченост. Најголемиот дел од наставниците соопштиле дека делумно се согласуваат дека имаат потешкотиите при прилагодувањето на наставата за учениците со попреченост.




Најголем дел од наставниците сметаат дека е потребно да се вработи дефектолог.




Намногу од наставниците сметаат дека во училиштата има потреба до социјален работник, но во споредба со дефектологот најверојатно социјалниот работник го сметаат за не толку приоритетен.




Во училиштата каде што стручната служба не е екипиран со педагог и психолог, наставниците сметаат дека треба истата да се доекипира.




Најголем дел од наставниците сметаат дека соработката со Општината е на задоволително ниво.




Околу половина од испитаниците сметаат дека соработката со институции релевантни за основното образование е на потребното ниво. Дури 45,2% рекле дека делумно се согласуваат со изнесениот став.




Најголемиот дел од наставниците сметаат дека постои сореботка помеѓу нив и родителите.




Во училиштата каде што има продолжен престој, најмногу од наставниците сметаат дека истиот добро функционира.




Во училиштата каде што има дневен престој наставниците сметаат дека истиот добро функционира.




Најголемиот дел од наставниците сметаат дека одностие помеѓу вработените се коректни.




Само 7,7% онаставниците не ја доживуваат својата работа како стресна. Најголемиот дел од наставницте сметаат дека нивната работа е страсна, а 43,3% сметаат дека нивната работа е делумно стресна.




Најмногу од наставнците посочиле дека имаат потреба од обуки за работа со ученици кои имаат проблеми со однесувањето, потоа обуки за современите наставни методи и техники, како и обуки за работа со учениците со попреченост.

Исто така наставниците посочиле дека имаат потреба и од други обуки како што се: англиски јазик, обуки за справување со стрес и непријатни соговорници, обуки за менаџирање, обука за

правилна организација на времето (тајм-менаџмент), обука за toolkid, обука за математика со размислување, обики за работа со студии на случај и обуки за наставничко потфолио.




Според наставниците најголем приоритет им даваат на културно –уметничките воннаставни активности, потоа на спотските и еколошките.

Прилог 5

**РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА КАЈ НАСТАВНИЦИТЕ СПОРЕД УЧИЛИШТА**

Во истражувањето учествуваа 208 наставника од шест училишта. Од нив 178 се од женски род, а 30 машки.




Во поглед на етничката припадност најмногу се Македонци (180), Албанци(14), Срби (11), Власи (1) и друго (1).




Најголем дел од испитаниците беа на возраст помеѓу 35 и 44 години.




Во поглед на работниот стаж во образованието најмногу имаше испитаници што имаат стаж помеѓу 5 и 9 години.

